

6 ТЕМА

Нејзиното величество:
Ѓултен Јашароска

# ДЕМО-ФИТНЕС: КАКО СЕ РАЗВИВА ДЕМОКРАТИЈАТА



**Нејзиното величество**

# Ѓултен Јашароска



И велиш, господине, дека тоа... речи го... демократското општество било засега најдобро. Да ми дадеш 10 килограми од тоа за кај мене во дуќан? Сè ќе продадам, а после ќе ти платам чесно, а ако оди, ќе ти земам секој пазарен ден. Се смеам малку, господине. Јас сум ти паталец а не гаталец и да знаеш во колку земји по Европава сум работела, свет сум видела и за таа демократијата барем во 4 земји вести сум слушала. Само...

Јас само гледам дека свирачите се менуваат, а за нас Ромите музиката останува иста. Што, брате, друго да ти кажам? Ми велиш демократијата се спроведувала, се развивала, одело од полошо кон подобро. А што имам од тоа јас, па да знам за тоа? Јас само гледам дека ниту порано, ниту сега ние Ромите аир не видовме. Порано барем имаше што да се подработи, а сега? Дали се развивала? Се развива, што знам. Како да ми е малку далеку од умот.



Сега ти се чини дека демократијата ти е далеку од умот. Но, да се разбереме! Добро би било тие основни работи од демократијата да ги знаат сите, а особено оние на кои најмногу им требаат. Таа демократија тебе и на Ромите најмногу им треба, поради тоа што вашата положба е можеби најлоша од сите други во Македонија.

Не би сакал сега да ти паметувам, но многу важно е да се знае дека постои точно определен начин како се спроведува демократијата, како таа се развива и како станува сè подобра и подобра. Тоа граѓаните го препознаваат. Ако нешто знаеш за демократската држава, за демократијата, тогаш ќе можеш да препознаеш дали работата оди на подобро. Во тие земји каде што си работела, демократијата не им паднала од небо. Таа се развивала, се усовршувала, па можеш да речеш дека сега им е убаво, затоа што преку своите политички системи спроведуваат вистинска демократија.

Па, како што ми велиш, исто е како и со сè друго, прво е помало, многу мило, ама те нервира, прави глупости, потоа пораснува и бидува како што треба. Како човек што учи додека е жив, така и демократијата се развива и учи. Многу сложено не е... Но, до кога тоа демократско општество... што велиш, ќе се развива, ќе дочекаме ли еднаш да порасне или ќе биде како син ми, кој направи 25 години, а се мисли уште дете, а неговите врсници децата ги праќаат на школо.

За твојот син не знам, но демократското општество не е совршено и досега не познаваме посовршено. Наполно демократско општество никогаш не може да се постигне поради тоа што демократијата вели дека „ако нема критика – нема промена, значи – нема ниту демократија“.

Демократијата е **идеологија**, збир на идеи, принципи, правила на игра, а врз основа на таа идеологија е изградено демократското општество. Затоа треба да сметаш дека демократијата помага сегашното општество – какво и да е, да се развива во што подобро. Токму затоа не се нарекува најдобар политички систем туку најмалку лош.

**Рекле вака: ако државата е бродот, владата – едрата, тогаш демократијата е ветерот што го движи бродот.**

Леле господине, што сум сега радосна дека ова ми го кажа. Нема врска што ништо не те разбрав. Сега само на демократија ќе мислам и маж ми ќе ми рече: „Леле Ѓултен, што си учена, како некој чауш“. А јас само ти кажував за мојот син, кој е ист како таа наша демократија - никако да порасне.

Понекогаш ни се чини дека демократијата е нешто филозофско и далечно. Но, ние секојдневно живееме со неа, иако не ја забележуваме. Таа е ненаметлива. Таа се појавува час како чекање пред шалтери, час како немање парно по 23 часот, час како страв да се вратиш дома доцна, час како невработеност, час како корупција, но во некои моменти како задоволство да можеш да избереш чоколадо што го сакаш, да можеш да се движиш слободно каде што сакаш, да немаш чувство дека некој те набљудува или прислушкува, да можеш да мислиш што сакаш и никој ништо да не ти може поради тоа.

**За да се развива, демократијата мора да постои во човековите размислувања.**

Поради тоа ти зборувам и тебе за ова. Тебе невера – мене вера. Но, не е доволно само да ја пикнеш главата во песок – како ној и да речеш „јас ништо не сфаќам“! Да живееш во демократско општество а да не знаеш ништо за него, тоа ти е исто како да седиш во вода а да умираш од жед.
А што се однесува до твојот син: кај пишува дека тој мора да се ожени до 17 години? Велиш дека имал „бизмис“ и добро му одело, велиш дека други за него работат – работи со мозок детето. Јас не гледам дека нешто му фали, а и ти си уште млада да бидеш баба. Да не те копка тебе тука нешто?

Дали знаеш зошто демократските системи се развиваат и мора да се развиваат? Затоа што на луѓето од арно никогаш не им е доста, од арно има и поарно. Знаеш ли зошто демократските држави се трудат на своите граѓани да им понудат повеќе? Бидејќи луѓето секогаш стремат кон напредок, богатство, правда, кон поубав и побогат живот...
Прво за:

Е, голем мангуп си господине... Ајде кажувај потаки.

## Спроведување на демократијата

Спроведувањето на демократијата, најшироко земено, почнува од **изборите.**
Сети се на бротчето од пред малку... Политичките партии ги нудат своите политички понуди или програми и граѓаните треба да изберат. Ете, тоа е главното: политичките програми кажуваат во кој правец ќе оди бродот.
Таа програма, тој „ветер“, ги содржи плановите, стратегиите на политичките партии, како и нивните ветувања за претстојниот четиригодишен мандат (кога се работи за парламентарни избори). Граѓаните, во согласност со своите интереси и очекувања, на изборите го даваат гласот на партијата чијашто политичка програма најмногу им одговара. Партијата што освоила најмногу гласови има одговорност да формира влада или **извршна власт**.



Види господине, јас сум стара за приказни. Јас не гледам ниту влади, ниту министри. Ти мене да ми кажеш како да не ме шетаат по шалтери, да не ми велат само „дојди утре". Јас кога излегувам на гласање, ми велат дека бирам свој пратеник а не премиер. Ми велат дека имам право да му се јавам на својот пратеник и да му ги кажам маките. Каква сега извршна власт?

Тоа е точно. Ти излегуваш да си бираш „свој" пратеник, кој го предложува некоја политичка партија. Но, не мора кандидатот за пратеник да го предложи партија. Може секој да се кандидира за независен пратеник ако му потпишат одреден број граѓани. Но, тоа не е толку битно. Таа ИЗВРШНА ВЛАСТ или ВЛАДА не ја бира народот туку ПАРЛАМЕНТОТ, а тој е составен од такви „свои" пратеници. Е, тоа собрание ја бира владата. А ако ти имаш поплаки на шалтерџиите, тоа е работа на извршната власт и ти можеш ним да им се жалиш. Но, ако „многу се испозанесат" од власта и не ти ги слушаат поплаките, ти можеш да му се јавиш на „својот" пратеник и нему да му се пожалиш, а после тој ќе си ја тера работата и ќе ја критикува владата. Пратеникот има право да ја критикува работата на владата затоа што тој ја избрал.

А зошто ние граѓаните не бираме директно извршна власт, туку парламентот тоа го прави за нас? Не е подобро така? Мене вака ми изгледа многу сложено.

Не е практично владата да е директно избрана од граѓаните. Тие што се бирани од граѓаните тешко се менуваат. Во светот, владите можат да се менуваат „како чорапи". Ако не работи добро, или ако ја изгуби поддршката на парламентот, тој ќе ја смени владата и ќе постави нова. Многу битно е дека оние што се директно бирани од народот не треба да владеат извршно, туку да ги контролираат оние што владеат директно и извршно. Ете затоа парламентот, кој е израз на волјата на народот, може да ја смени владата, која е израз на волјата на парламентот. Така се постигнува да има многу помалку злоупотреби на власта. Демократските држави не се наивни.

Собранието (**законодавна власт**) гласа за предложената влада и со тоа ѝ ја доверува функцијата на извршување, спроведување на законите што самото ќе ги изгласа. Закони во собранието може да предложи секој пратеник, владата или 10 000 граѓани со право на глас. Дури и ти ако имаш некоја идеја, која треба да биде закон, можеш да го убедиш „својот" пратеник и тој ќе го предложи тоа како закон. Собранието и граѓаните се оние што ја контролираат работата на владата.



Ти реков јас дека не сум за приказни. Како бре, господине, јас да кажам дека некој таму од власта краде и лаже? Па, која сум јас? Ти да си го препрочиташ тој законот, оти некоја буква ти има избегано.

Не дека можеш туку без тоа ништо не бидува. Никој не вели дека спроведувањето на демократијата е нешто многу лесно. Во политиката нема ништо лесно. Но, ако многу запнеш, ти можеш и министер да натераш да се подзамисли, а не некој таму локален шалтерџија. Во краен случај, тука постојат судовите.

Судови? Јас од нив бегам како од оган. И ми велиш на суд да ја дадам државата? Тебе, господине, не ти избегала некоја буква, туку си го утнал цел учебник.

Ти да не си ја утнала државата? Да не имаш работено во Романија кога владееше Чаушеску? Па, тоа им е работа на судовите. Демократијата не би можела да се спроведе без нив. Ти не знаеше дека, ако сакаш, можеш секој функционер и шалтерџија да ги дадеш на суд? Не се само тие државата. Судовите (**судската власт**) пресудуваат за прекршувањата на законите, исто за тебе како и за носителите на државни функции.

Сите судови во земјата заедно се нарекуваат СУДСКА ВЛАСТ и нив не ги бира владата туку парламентот. И запомни: парламентот го имаш бирано и ти. Во судовите треба да седат добри стручњаци а не политичари и политиканти. Тоа ти е таа ТРЕТА ВЛАСТ.

И што потоа? Тие ќе судат против владата, а владата нема да им пушти пари за плата, за огрев, за бензин.... Врана на врана очи не вади, господине!

**Ма, немој!** Владата не смее да влијае врз судовите, а парите за плати им ги дава законот а не владата. Тие се различни власти, а парите за судовите се наши – од нашите даноци. А ако многу се испозанесат тие твои „врани и врани", се знае што ги чека на следните избори, а може да им се случат и предвремени избори. ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ стојат како меч над главите на оние што владеат.

**И плус тоа!** Постојат и други институции како што е народен правобранител (ОМБУДСМАН), орган што е должен да ги штити интересите и правата на граѓаните во случај на неправда од страна на државните органи, институциите или носителите на државни функции.

Тој е нешто како „и над агата - ага" во судството?

Па не баш, но тој може да помогне ако увиди дека еден граѓанин ги потрошил сите законски можности и на божја правдина пак не добил пресуда каква што требало. Знаеш, понекогаш ќе се намерачиш на некој моќник, кој има пријатели на сите страни – рековме дека демократското општество не е совршено. А и судиите се живи луѓе, прават грешки. Тој може да помогне во такви случаи. Но, и за многу други работи. Омбудсманот има доста големи овластувања.

И тој може да им нареди на судовите? Ако е така, тој е поголем и од претседателот.

Не оди тоа така, бре Ѓултен. Ти самата си знаеш, ама сакаш малку да се мајтапиш со мене. Нема тука наредби. Секој суд си е посебна институција. И омбудсманот си е институција. Тие не си наредуваат туку работат по закон. Ако законот вели дека една работа е во надлежност на основен суд, не може тоа да го решава омбудсманот или врховен суд. Друг државен орган што се грижи за таа законитост е јавниот обвинител.

Аман, колку ги има? И не може да биде обвинителка?



Прости Ѓултен, тоа е проблем со јазикот. Може и дај боже да биде. Тоа е уште еден орган што помага во спроведувањето на демократијата. Тој е должен да поднесува кривични пријави против прекршителите на законите по своја сопствена иницијатива, по иницијатива на граѓаните или по иницијатива на некој државен орган. Дури и во весник да прочита, тој е должен да реагира.

Сега ќе те изненадам. Најважно е тоа дека демократијата се спроведува преку луѓето, преку обичниот човек. Тој треба да сфати дека нема да бидат доволни ниту институциите, ниту сите тие судови, контроли и сè друго, ако граѓанинот не биде столб на тоа спроведување на демократијата. Што вредат закони ако граѓанинот, од некоја причина, не сака да ги почитува? Тоа нè доведува до една многу важна работа – ПРИНЦИПИТЕ.

Тоа и ние простите го знаеме. Човек за принцип може да гине. Ама, имам нешто тука да прашам, па ако треба и контра да ти одам. Зошто ми велиш дека ние живееме по тие демократски принципи? Така? Јас, на пример, живеам по други принципи, или што ние си ги нарекуваме сфаќања. Кај мене ти е малку вера, малку човештилак, праведност... Еве, јас бев во странство 15 години. Мене принцип ми е на децата да им делам по токму. Јас тоа го видов во Германија. За другите Роми тоа не е принцип. Ај сега да те видам.

Точно си е тоа. Принципи поставува и религијата и домашното воспитување, има еснафски принципи, има љубовни принципи... Но, демократските принципи не можат толку да зависат од тоа како ти или некој друг ги сфаќа работите. Тие треба да бидат прифатливи за поголемиот дел од граѓаните и тие да ги поддржуваат. Демократските принципи не ги побиваат другите принципи. На пример, демократијата не кажува дали ти треба да веруваш во ова или она, или да правиш тоа и тоа. Тука се вели дека можеш да правиш сè што не е забрането со закон. Значи, твоите принципи не се косат со демократските. Но, разликата е во тоа што тие демократски принципи мора да се почитуваат како ОПШТО ДОБРО. Еве неколку, да ги споменеме.



ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

## Принципи на демократијата...

Демократско начело е, да речеме, да си внимателен со соговорникот и да го почитуваш неговото мислење. Но, таа почит треба да ја имаш и кон другите вери и другите етноси... Тоа значи дека и ти бараш почит за себе како личност, како Ромка, почит кон твојата вера, кон твоите убедувања... Тоа е принцип да го почитуваш различното. Потоа, принцип е да си чесен и чесно да си ја работиш работата. Демократско начело е и можноста за избор; правото да влијаеш; да размислуваш и тоа да го кажеш јавно; да бараш; да оствaруваш; да бидеш човек, личност; да имаш права, обврски и моќ. Овие можности ги поседуваш со самото твое раѓање и никој не може да ти ги одземе. Ако некој се обиде, потсети го дека постојат демократски принципи, кои се дел од законите и за чие кршење се оди во затвор.

Ова го разбрав. Значи, ти велиш дека таа демократијата има принципи, а принципите се внесени во законите. Така? И дека демократијата се спроведува преку почитување на законите... Она бре што рече - да се биде чесен. Со тоа се согласувам. Ама вистина, немој да мислиш дека се шегувам.

Ама со другото нема да ти се согласам. Што ако некој шутрак види во законот дека не е забрането да се шета гол и ако се расшета гол низ цело маало?

Дозволено е сè што со закон не е забрането, но и што не е на штета на другиот и на општеството. Затоа, овој твој „храбар" човек ќе си ги сноси последиците од своето однесување, кое не соодветствува со јавниот морал.

Некој паметен рекол „Не прави му го на другиот она што не сакаш тебе да ти го прават". Ако те лути, на пример, кога некој се богати кршејќи ги законите, немој ни ти да ги кршиш. Законите важат за сите. И за премиерот, и за соседот, и за тебе.

Тоа е најдобар начин да се спроведе демократијата.

**Демократијата се спроведува на стотици начини, но најбитен е оној преку законите, кои луѓето ги чувствуваат како свои.**

Демократските принципи се однесуваат на законите и законитоста, како и на доброто практикување на власта.

Почитта кон сето тоа, како и почитта кон човековите права, правата на другите луѓе, другите етнички и верски заедници и почитта кон различноста е темел на демократијата. Во тоталитарните општества се вели дека сите мора да бидат исти, затоа што „тоа е сила". Демократијата силата ја црпи од различноста: различноста се сфаќа како богатство. Затоа велиме дека демократијата се спроведува низ почит кон различноста и почитување на волјата на мнозинството.

Мојот син вели дека ние сè нешто мора да измислуваме, наместо да видиме како е во странство. Зошто да смислуваме демократија кога можеме да ја увеземе?

Е, па не се ова банани. Нема две исти демократии. Она што е добро за други земји не мора да е добро и за Македонија. Некои се поразвиени, некои погрешно насочени, а понекаде не ја ни има. Преминот кон демократија може да биде брз или постепен, бурен или мирен, внатрешен и надворешно насочен... Важно е дека треба да се случи без разлика дали претходно системот бил ваков или онаков. ▶ ▶ ▶

Треба да се знае дека тоа менување може да донесе сиромаштија, немири, лични жртви. Сепак, наградата е добра. Сетете се на едно: денес секоја „стара“ демократија довела до хармонично развиено општество. Што станува со недемократските општества?
Затоа, следната тема за разговор ќе биде токму тоа:



## Развивање на демократијата



Демократските држави не се појавуваат сосема развиени. Уште поточно речено, демократијата се појавила одамна, но како идеја. И додека имало цареви, луѓето сакале да направат некои подобрувања во своето царство – сакале промени. Во тоа и се обидувале и од владетелите барале подобрувања, но бргу увиделе дека мора да се менува целиот државен систем. И затоа едни демократии настанале со востанија, други со политички промени, а во некои држави демократијата е „увезена од надвор“.

Ете, гледаш. Кога ти велам дека можеме да увеземе демократија и кај нас!

Поарно да не ти се случи некој да ти увезе демократија од надвор. Прво влегува војската, а за демократијата и подобриот живот малку ќе почекаш.

**„Тешко на држава под странска чизма.“**

Тие што многу си ја сакаат сопствената демократија не мора да сакаат демократија да има и во твојата држава. Демократските политички системи се развиваат преку процес на ТРАНЗИЦИЈА или „премин“, „промена“.

Ама, немој господине да ми зборуваш како политичар. За таа транзиција се наслушавме и во социјализмот. До кога транзиција? И за дваесет години пак ќе велат „не чини работата, оти сме во транзиција“... Аман со тоа!

Има вистина и во тоа, Ѓултен. Точно е дека треба да се знае што е транзиција, а што се нормални демократски промени. Но, нека не те плаши зборот, тоа не е многу различно. Транзицијата значи премин од еден општествен систем во друг. Колку ќе трае таа транзиција и каква ќе биде зависи од многу работи. Еве, кај нас тој период на транзиција трае доста долго. Некои земји, кои го започнаа тој процес заедно со нас, се далеку појдени, но некои се поназад од нас.

Сега, прашање е дали мудро се управува со тие промени. Понекогаш, едноставно, една политичка партија не може да се снајде добро, понекогаш има проблеми од соседите, кои наместо да се демократизираме нè тераат да се наоружуваме, а понекогаш тие проблеми се домашни.

Главно е тоа дека транзицијата и развојот на демократијата можат да бидат подзапрени или спречени од многу причини.

Но, вистина е и тоа дека не можеме да „се вадиме" само на транзицијата. Таа мора еднаш да заврши и да преминеме во нормален демократски развој. Можеби некои го сакаат тој збор „транзиција" за да се покаже дека не е нормална состојба на демократијата да се лаже, краде, да не се исполнува ветеното, да има толку многу мито, немири, оружје...

Поимот „транзиција" не значи ништо друго туку период во кој се воспоставуваат основните принципи на демократијата. Транзицијата е исто така дел од демократските политички системи и може да се нарече: „демократски политички систем во формирање".

**Транзиција кон демократија е состојба на демократскиот систем во кој се обидуваат да се спроведат принципите на демократијата.**

Ете, тоа е главната причина зошто мора да се почитуваат принципите на демократијата. Таа најдобро се развива во време на мир и непречен развој. Ако има немири, војни, голем криминал, беззаконие... тогаш тој демократски систем се развива побавно или воопшто не се развива. Почитувањето на принципите на демократијата ја намалува опасноста од немири, војни и сл.

?

Едно сега не го сфаќам, господине. Ако со демократијата е „сè толку чисто", тогаш зошто во некои држави народот не сака демократија туку си ги сака тие... ти што велиш - диктаторите? И таму се спроведува некаква политика. Ај, сега?!

Госпоѓо, демократијата не е нешто што само ти доаѓа! Ако се праша еден човек, тој повеќе би сакал да биде цар отколку демократски избран претседател. За да настане едно демократско општество, рековме дека тоа треба да се развива низ тој процес на транзиција. Во некои земји луѓето не се созреани – не се подготвени за демократија. Ова не го говорам поради тоа што тие не се интелигентни, туку затоа што никогаш не виделе демократија, што значи дека не ја познаваат. Човек што цело време седел во мрак не знае дека надвор има светло.

За да постои демократски систем, кој е создаден и поради демократската свест на граѓаните, мора да има некои предуслови. Тоа се предуслови што создаваат терен за демократски развој:

- образование достапно за сите граѓани;
- влијание на медиумите преку ширење на идеи и информации;
- високо ниво на политичка култура на граѓаните и свест за пошироки човекови и граѓански права;
- почит кон човекот и неговата личност;
- слободно говорење за добрите и лошите страни на политичкиот систем и власта;
- економски развој и модернизација;
- свесност, мотивираност и знаење како да се остварат сопствените права;
- постоење на позитивно меѓународно влијание.

?

Јас често на ТВ слушам дека ова било демократски - ова не било, овој бил светец, овој крадец... Како можеме да препознаеме што е што? Како ќе знаеме дека се движиме во вистинска насока? До кога ќе трагаме како слепци?



Постојат мерила што го покажуваат развојот на демократијата... Тоа се показатели дали кај нас има или нема:

- слободни избори, слободен печат, невладини организации, почитување на законите...
- лична, политичка и економска слобода;
- растење на свеста на луѓето за сопствената моќ над својата власт;
- вклучување на сите поединци и групи во општествениот живот;
- покажување оправдано незадоволство од власта ако не се однесува демократски;
- ефикасна и добра работа на институциите;
- стабилност.

Не е битно само да ги напишеме тие работи. Битно е да ги почитуваме и спроведуваме.

Ова мене ме потсетува на нашите седенки, кога кај нас на видео гледавме индиски филмови и само се договаравме. Утре ќе сработиме ова, задутре она, па ќе биде вака, па ќе биде така... И на крајот ништо не сработувавме. Тоа сакаш да ми го кажеш - дека се битни законите но побитно е дали тие се спроведуваат?

Има голема вистина во тоа. Затоа, за да се разбереме и да не останеме само на тие „вечерни договарања“, да проговориме за најбитните работи.

**Економска развиеност на општеството.**

Економскиот развој игра клучна улога во формирањето на условите, кои се поволни за развој на демократијата. Многу поголема е шансата за демократија кога земјата има добар стандард. Општеството мора да биде подигнато над нивото на општа сиромаштија. Развиената економија произведува економска благосостојба, која кај луѓето ја развива свеста за меѓусебната зависност. Велат дека сиромаштијата е мајка на сите други кризи.

Ти господине, ја раскажуваш ромската приказна.

**Развиеност на правниот систем.** Тој треба да биде ефикасен. Во превод, ефикасен систем е оној што го почитуваат и спроведуваат. Некои велат дека спроведувањето на демократијата не може без спроведување на законите. Тоа би требало да вклучува законско регулирање на општествените, економските и политичките односи, сигурност на договорите меѓу поединци и групи, употреба на воспоставени и прифатени стандарди за донесување на правни одлуки, утврдени начини за помирување на страните во конфликтот.

Значи, како што велиш, она за што луѓето ќе се договорат, за тоа треба да биде направен закон? Но, што ти е тоа „стандарди за...“, како ли го рече?

Мислиш на стандарди за донесување правни одлуки? Оние што носат закони треба да ги осмислат законите за тие да функционираат, односно да не се донесува закон заради закон, туку закон заради луѓето. Затоа законите треба да тргнуваат од потребите на луѓето, за нив јавно да се дискутира и да се види дали законот е добар и него да го прифатат поголемиот број граѓани и политички партии. Тоа е важно поради тоа што лошите закони можат да направат голема штета. Затоа е потребно да учествуваат повеќе луѓе кога законот треба да се донесе и изгласа од страна на парламентот. Но, да продолжиме. Покрај ова што го споменавме, многу важно е, а можеби и најважно: ▶ ▶ ▶

**Граѓанското општество.** Тоа е јавниот или невладиниот сектор. Тој опфаќа слободно здружување на луѓето без контрола од страна на владата. Преку него поединците можат да ги остваруваат своите цели. Граѓаните можат да формираат врски меѓу различни групи со можност за соработка и конкуренција. Овој сектор нуди огромна можност за размена на идеи и знаења, кои можат и треба да дадат конкретни предлози за демократски реформи.

? Значи, малку да го „поттурнуваат" тој демократски систем - како што го велиш?

Да! Да го поттурнуваат, да му помагаат, да го критикуваат – кога треба, да му даваат предлози, идеи, да му ги посочуваат проблемите на граѓаните...

**Образовниот систем.** Обезбедување на образование не само преку училишта и универзитети, туку и преку други институции, медиуми и организации, со цел да се подигне свеста на граѓанинот за можноста за решавање на општествените проблеми преку различни демократски активности. Засиленото образование овозможува развивање на чувството за општествена одговорност.

? А што ни дава на нас Ромите таквиот систем? Зошто ние да бидеме одговорни и образовани кога не добиваме ништо?

Не е проблемот во тоа дали Ромите добиваат нешто. И тоа не важи само за вас Ромите. Тоа важи за сите. Во демократските општества не важи тоа „да ви дадат", туку треба сами „да си земете". Тоа е еден од принципите на демократијата. Ако активно учествуваш во тие ДЕМОКРАТСКИ ПРОЦЕСИ, тогаш никој не треба да ти дава или да ти зема. Со самото учество во јавните и државните работи секој поединец и група си го изборуваат правото и си ја градат иднината.
Последно, но не најмалку битно – тоа се:

**Водачите.** Демократијата мора да има водачи избрани од граѓаните. Тие мора да бидат способни да се носат со обврските и одговорностите што им ги налага нивната улога.

Ако сето тоа се почитува, се доаѓа до:

# Усовршување на демократијата

Демократијата мора да се негува и усовршува. Постојат карактеристики на развиените демократии, кои укажуваат на начини за усовршување. Државните институции треба да ги земат предвид, да ги почитуваат и да ги практикуваат.
Многу важно е да постојат некои мерила за да се види дека развојот на демократијата, демократските институции и државата оди напред.

?

Јасно како ден. Инаку, секоја партија ќе тврди дека ним работите им одат „како подмачкани". Но, народот знае дали работата оди или не.



Значи, си ја сфатила поентата.

Еве неколку такви карактеристики:

- почитување на прифатените демократски принципи;
- постојана легитимност на власта преку ставање на проверка пред граѓаните;
- ефикасност на институциите како основа за решавање на проблемите;
- развиено граѓанско општество;
- слободни медиуми;
- стабилен систем на владеење.

Но, има и други за кои овде немаме време да ги образлагаме.

Сепак, граѓанинот е главен фактор во определувањето на иднината на демократијата. Неговата улога во усовршувањето на демократијата потекнува од личната мотивираност за изградба на подобро општество за живеење, како за себе така и за идните генерации.

Каква држава им оставаме на идните генерации зависи од нашиот ангажман и може да се рече дека:

**Семката на иднината е посадена во сегашноста!**

Господине! Цело време ми зборуваш вака убаво, ама како да ти е од нешто страв. Од што толку се плашат луѓето околу демократијата? Што е тоа што ја загрозува толку многу?



Во процесите на развој и усовршување на демократијата се појавуваат опасности што го демнат општеството. Треба особено да се внимава демократијата да биде заштитена од загрозувања на кои укажуваат следниве фактори:

**Неделотворна власт** - власт што не дава резултати; која нечесно работи; корумпирана власт; власт што злоупотребува; која не соработува; која нема слух за потребите на поединци и групи.

**Општествена и религиска поделеност** - кога власта не е во состојба да се справува со конфликтите во рамките на своите институции. Тогаш кај одредени групи се јавува желба за посебна држава или барем за некоја одделена целина. Тоа е една од опасностите за државата. Инаку, не постојат држави каде што нема недоразбирања и судири. Во светот секојдневно има илјадници кризи, но од многу малку од нив се изродува војна или оружен судир. Кога ќе се појават такви работи, тогаш се знае дека институциите на државата не работат како што треба. Затоа институциите во државата мора да бидат подготвени сите можни судири да ги „пропуштат" низ институциите и тие да бидат решени договорно и со политички средства.

**Економски неуспех** - кога економскиот систем потфрла во стабилноста и развојот; влада што не се обидува или не може да се справи со сиромаштијата. Рековме – сиромаштијата ги предизвикува сите други кризи. ▸ ▸ ▸

Намалување на вербата во демократијата - како резултат на отфрлање на одговорностите или намалување на влијанието од страна на граѓаните. И ова е голем проблем. Ако долго време граѓаните не чувствуваат дека учествуваат во спроведувањето на власта, кај нив се јавува разочараност, апатичност и недоверба кон демократијата. Ако подолго време граѓаните не можат да изберат парламент и влада, која ќе го води општеството по „вистински пат“, тогаш се намалуваат вербата во демократијата и одговорноста на граѓаните, опаѓа моралот, криминалот се покачува и тоа се сериозни опасноси за демократијата. Во тие случаи се јавуваат агресивни лидери, кои се служат со национализам, со „големи идеи“ за големината на одделни етнички групи и сето тоа води до конфликти и до пад на демократијата. Затоа граѓаните мора да бидат постојано будни, активни, да ги следат случувањата и да придонесуваат за нивно решавање.

Како што те разбрав господине, пак најголемата одговорност е на граѓаните за да си одберат добра влада и меѓу ветувањата на политичките партии да откријат кој има најдобра програма, кој сериозно мисли, а кој само мавта со програмата... Па ти ми велиш, рака на срце многу посложено, да си ги отвориме очите и да не дозволиме избраниците да глумат демократија туку да ја спроведуваат.

Па, што не кажеш така. И јас го мислам истото.





